ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај**

**ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје**

# ПРОГРАМА

# ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

**Декември, 2025 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седмата седница одржана на 24 декември 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

## I. ВОВЕД

### 1. Извори на финансирање на Програмата

Програмата за финансирање на јавното осветлување на подрачјето на Општина Гази Баба се финансира од средства кои ЕВН ги наплатува од корисниците во вид на такса за улично осветлување и истите се префрлаат на сметка на Буџет на Општина Гази Баба за 2026 година, како и од други средства утврдени со закон.

Овие средства се користат за покривање на трошоците за потрошена електрична енергија за улично осветлување исклучиво за сервисните и станбените улици кои се во надлежност на Општината.

### 2. Планирани активности за 2026 година

Планирани се следниве активности:

1. Проектирање и ревизија на проекти за електро инсталации.

2. Изградба на нови линии за улично осветлување,
   - нови линии на улично осветлување;
   - нови ормари за постоечки линии за улично осветлување.

3. Одржување и реконструкција на улично осветлување,
   - замена на дотраени светилки;
   - замена на петта жица со изолирана SKS 2 x 16 мм;
   - замена на дотраени метални и дрвени столбови;
   - мерење на заземјување на метални столбови и санација на евентуално неисправни;
   - растеретување на линии оптеретени од должината и број на потрошувачи.

4. Плаќање на потрошена електрична енергија.

5. Надворешен технички надзор над изградба, одржување, реконструкција на уличното осветлување.

## II. ОДРЖУВАЊЕ, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПОТРОШЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Надлежноста за одржување на јавното улично осветлување на територијата на Општина ГазиБаба ја превзема ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, а исто така и плаќањето на потрошената електрична енергија за улично осветлување бидејќи електричните броила се префрлени на име на истите.

Уличното осветлување во општината е комбинирано, дел се натриумови светилки во руралното подрачје, а дел се "смарт ЛЕД" светилки со интегрирано управување. Во следната табела се претставени видот на светилките и столбовите, нивната јачина и бројност на уличното осветлување на територијата на општината. Инсталираната моќност на светилките е изразена во киловат часови. Вкупниот број на светилки и вкупната инсталирана моќност се презентирани во последните две колони.

II.1. Табела на улични светилки на територија на Општина Гази Баба

| Тип на осветлување | Тип на столбови | Инсталирана моќност (W) | Број на светилки | Вкупен број на светилки | Вкупна инсталирана моќност (kW) |
|---|---|---|---|---|---|
| Натриум | 1 столб ,1 светилка | 70 w | 2670 | 2670 | 187 kw |
| лед | 1/1 | 39,5 w | 4000 | 4000 | 177 kw |
| лед | 1/1 | 75 w | 163 | 163 | 12.2 kw |
| натриум | 1/1 | 150 w | 277 | 277 | 41.55 kw |
| рефлектори | 1/2 | 400 w | 220/440 | 440 | 176 kw |
| | | | **ВКУПНО** | **7550** | **552.2 kw** |

Врз основа на извештајот за потрошена електрична енергија во 2025 година планирани се следните финансиски средства за:

- Одржување и замена на дотраени светилки, материјали и реконструкција на улично осветлување во вредност од 2.500.000,00 денари;
- Потрошена електрична енергија во вредност од 20.000.000,00 денари.

## III. ИЗГРАДБА НА НОВИ ЛИНИИ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Во оваа Програма се предвидени средства за нови разводни ормари за приклучок на електрична мрежа кои се надвор од постоечките трафостаници и изнесуваат 2.000.000,00 денари.

## IV. РЕКАПИТУЛАР

| Ред број | ОПИС | Вредност во денари |
|---|---|---|
| 1 | Проектирање и ревизија на проекти за електро инсталации | 300.000,00 ден. |
| 2 | Нови линии за улично осветлување,мерење и заземјување на метални столбови и разводни ормари за приклучок на електрична мрежа | 2.000.000,00 ден. |
| 3 | Нови ормари за постоечки линии за улично осветлување надвор од трафостаница и нивно приклучување на мрежа во трафостаница | 2.000.000,00 ден. |
| 4 | Одржување и замена на дотраени светилки, материјали и реконструкција на улично осветлување | 2.500.000,00 ден. |
| 5 | Плаќање на потрошена електрична енергија | 30.000.000,00 ден. |
| 6 | Надворешен технички надзор над изградба, одржување, реконструкција на уличното осветлување | 500.000,00 ден. |
| 7 | Услуга-Софтвер како сервис (SaaS) за паметно осветлување со вклучени комуникациски услуги за период од 12 месеци | 1.200.000,00 ден. |
| | **ВКУПНО** | **38.500.000,00 ден.** |

## V. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Програмата се одвива континуирано се до нејзина конечна реализација.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

**Број 09-10072/21**
**од 24.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**